# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Четврток, 27 мај 1982
Скопје
Број 22 Год. XXXVIII

Претплатата за 1982 година изнесува 900 динари. Овој број чини 30 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**245.**

Врз основа на член 100 став 5 и член 101 став 4 од Законот за средното образование и воспитание („Службен весник на СРМ“, бр. 25/79), републичкиот секретар за наука и образование донесува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува педагошката евиденција и документацијата и начинот на нивното водење во организациите за средно образование и воспитание (во натамошниот текст: организации за средно образование), како и содржината и формата на документацијата.

Член 2

Како документација се сметаат: главната (матичната) книга за учениците, одделенскиот дневник, дневникот за воспитната работа во ученичкиот дом и записниците на одржаните испити, како и свидетелствата за завршена година односно степен на стручна подготовка, уверенијата за работно оспособување, ученичките книшки и исписниците, кои како јавна исправа им се издаваат на учениците.

Член 3

Ученичкото досие и другата педагошка евиденција што нема карактер на документација во смисла на член 2 од овој правилник се води на начин определен со самоуправен општ акт на организацијата за средно образование.

Член 4

Во главната книга за учениците се внесуваат податоци за редниот број под кој ученикот е запишан, редниот број под кој се води во одделенскиот дневник, име на ученикот со личните податоци, успехот на ученикот на крајот од учебната година и за стекнатиот степен на стручна подготовка, како и други податоци во врска со неговото образование.

Во обрасците на главната книга во која се евидентира остварувањето на заедничките воспитно-образовни основи се отпечатени предметите предвидени со планот за воспитно-образовната дејност на заедничките воспитно-образовни основи.

Главната книга ја води раководителот на паралелката посебно за секоја паралелка, по образец бр. 1, димензија 420 мм х 297 мм. Главните книги на паралелките од иста година и вид на образование на крајот од учебната година се спојуваат во една книга.

Член 5

Во главната книга за учениците кои се оспособуваат по пат на полагање испити се внесуваат личните податоци на учениците, податоци за положените испити и за завршената година односно стекнатиот степен на стручна подготовка, како и други податоци во врска со неговото образование.

Главната книга ја води наставник определен од наставничкиот колегиум на годината односно степенот на стручна подготовка, посебно за секоја година односно степен и вид на стручна подготовка, на образец бр. 2, димензија 420 мм х 297 мм.

Член 6

Одделенски дневник се води за секоја паралелка посебно и во него се внесуваат податоци за распределбата на предметите по наставници, распоредот на часовите, распоредот на писмените и графичките работи, писмените вежби и на други видови воспитно-образовна работа, податоци за реализација на програмата за воспитно-образовната работа, список на учениците со личните податоци, податоци за оценувањето на учениците и за присуството на наставата, податоци за одржаните седници на наставничкиот колегиум на паралелката и за одржаните средби со родителите на учениците и други податоци во врска со воспитно-образовната дејност на паралелката.

Одделенскиот дневник го води раководителот на паралелката, на образец бр. 3, димензија 420 мм х 297 мм.

Член 7

Дневникот за воспитната работа во ученичкиот дом го води раководителот на воспитната група и во него се внесуваат основни податоци за учениците, со податоци за нивните должности и ангажирања во слободните активности, програма на воспитната работа, дневник на воспитната работа, податоци за односот на учениците кон учењето и нивниот успех и податоци за нивото на воспитниот развој на учениците и други податоци во врска со резултатите во воспитната работа и учењето на учениците.

Дневникот за воспитната работа се води за секоја воспитна група посебно, на образец бр. 4, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 8

Главната книга за учениците споена по години и видови на образование и одделенскиот дневник се прошиваат со емственик од кој двата краја се потпечатуваат со црвен восок на внатрешната страна од задната корица на книгата. Бројот на листовите во книгата со својот потпис го заверува индивидуалниот односно претседателот на колегијалниот работоводен орган на организацијата за средно образование.

Член 9

Ученичкото досие се води за секој ученик одделно во текот на неговото образование и во истото се внесуваат податоци за развојот на ученикот, за постигнатите резултати во усвојувањето на програмите за воспитно-образовната дејност, неговото поведение, учество во слободни активности, професионални интересирања и склоности кон одделни занимања, учество во младински и други ученички организации и други податоци во врска со развојот на ученикот.

Ученичките досиеа ги води раководителот на паралелката. Во случај на премин на ученикот во друга организација за средно образование, ученичкото досие се доставува до организацијата во која ученикот преминува. Ученичкото досие се води на образец бр. 5, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 10

Во записникот на одржаниот испит се внесуваат податоци за ученикот, за видот и времето на одржаниот испит, задачите и прашањата и постигнатиот успех.

Записникот на одржаниот испит се води на образец број 6, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 11

Свидетелството за завршена година на ученикот му се издава за секоја завршена година на средното образование и истото ги содржи грбот и називот на Социјалистичка Република Македонија, називот и седиштето на организацијата за средно образование, деловодниот број, бројот на главната книга, личните податоци за ученикот, успехот на ученикот по наставните предмети, вклучувајќи ги и предметите на изборните и факултативните програми, општиот успех на ученикот, потписот на раководителот на паралелката и на индивидуалниот односно на претседателот на колегијалниот работоводен орган, печатот на организацијата за средно образование и бројот и датумот на решението под кој е верифицирана воспитно-образовната дејност.

Свидетелството за завршена година се издава на образец бр. 7, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 12

Свидетелството за завршен степен на стручна подготовка се издава по завршено образование за здобивање на степен на стручна подготовка и истото ги содржи грбот и називот на Социјалистичка Република Македонија, називот и седиштето на организацијата за средно образование, деловодниот број, бројот на главната книга, личните податоци за ученикот, степенот на стручната подготовка, занимањето и струката, датумот на издавањето на свидетелството, потписот на индивидуалниот односно на претседателот на колегијалниот работоводен орган, печатот на организацијата за средно образование и бројот и датумот на решението под кој е верифицирана воспитно-образовната дејност.

Свидетелството за завршен степен на стручна подготовка се издава на образец бр. 8, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 13

Уверението за работна оспособеност му се издава на ученик кој се оспособил според посебни планови и програми за воспитно-образовната дејност, предвидени со член 39 од Законот за средното образование и воспитание и истото ги содржи: грбот и називот на Социјалистичка Република Македонија, називот и седиштето на организацијата за средно образование, деловодниот број и бројот на главната книга, личните податоци за ученикот, видот на работите за кои лицето е оспособено да ги врши, датумот на издавањето на уверението, потписот на индивидуалниот односно на претседателот на колегијалниот работоводен орган со печатот на организацијата за средно образование и бројот и датумот на решението под кој е верифицирана воспитно-образовната дејност.

Уверението за работна оспособеност се издава на образец бр. 9, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 14

Во ученичката книшка се внесуваат личните податоци за ученикот, податоци за резултатите од работата во совладувањето на програмските содржини, напомени за постигнатиот успех, пофалбите, наградите, воспитно-дисциплинските и другите педагошки мерки во текот на учебната година.

Ученичката книшка на ученикот му се издава во почетокот на учебната година во која е запишан во прва година на средното образование (кога се вклучува во совладување на образование за заедничките воспитно-образовни основи) и во трета година на средното образование (кога се вклучува во образование за здобивање со степен на стручна подготовка по совладани заеднички воспитно-образовни основи) односно кога се вклучува во образование за здобивање со степен на стручна подготовка.

Во ученичката книшка за ученик вклучен во образование за совладување на заедничките воспитно-образовни основи се отпечатени предметите предвидени со планот за воспитно-образовната работа на заедничките воспитно-образовни основи. Предметите од планот за воспитно-образовната работа се отпечатени и во ученичката книшка на ученикот кој се вклучува во образование за здобивање со степен на стручна подготовка, доколку во образование за одделни занимања во рамките на една струка во СР Македонија се опфатени најмалку 1000 ученици.

На внатрешната страна од предните корици има место за фотографија на ученикот, димензија 45 мм х 30 мм. Фотографијата се заверува со печат на организацијата за средно образование и воспитание.

Ученичката книшка се издава на образец бр. 10 и истата има облик на книга со тврди пластифицирани корици во темносина боја, димензија 141 мм х 100 мм.

Член 15

Во ученичката книшка за ученик кој се оспособува по пат на полагање испити (ученик кој се оспособува во процесот на трудот или за вработување) се внесуваат личните податоци за ученикот земени од главната книга за учениците кои се оспособуваат по пат на полагање испити и податоци за положените испити.

На внатрешната страна од предните корици има место за фотографија на ученикот, димензија 45 мм х 30 мм. Фотографијата се заверува со печат на организацијата за средно образование.

Ученичката книшка за ученик кој се оспособува по пат на полагање испити се издава на образец бр. 11, која има облик на книга со тврди пластифицирани корици во светлосина боја, димензија 141 мм х 100 мм.

Член 16

Во исписницата на ученикот се внесуваат податоци за називот и седиштето на организацијата за средно образование, деловоден број и реден број на главната книга, личните податоци за ученикот, успехот по наставните предмети, вклучувајќи ги и предметите на изборните и факултативните програми, општиот успех, потписот на раководителот на паралелката и на индивидуалниот односно на претседателот на колегијалниот работоводен орган на организацијата за средно образование и бројот и датата на решението за верификација на воспитно-образовната дејност.

Исписницата се издава на образец број 12, димензија 297 мм х 210 мм.

Член 17

Во случај во педагошката евиденција и документација да е извршен погрешен упис, може да се вршат исправки.

За вршење на исправката ученикот поднесува писмено барање во кое ги наведува погрешно внесените податоци и предлага нивно исправување. Кон барањето ученикот поднесува докази врз кои го засновува барањето.

Исправката се врши така што со црвено мастило со тенка линија се прецртува податокот што се исправува и врз него, со истото мастило, се испишува исправениот податок, а потоа во забелешка се внесува бројот на решението со кое се врши исправката и забелешката се заверува со потпис на индивидуалниот односно на претседателот на колегијалниот работоводен орган и печатот на организацијата за средно образование.

Ако пред извршената исправка е издадено свидетелство односно уверение или ученичка книшка, исправката се врши врз основа на податоците од главната книга. Постапката за исправката на свидетелството односно уверението или ученичката книшка е иста како и за педагошката евиденција и документација.

Член 18

Ако главната книга за учениците односно главната книга за учениците кои се оспособуваат по пат на полагање испити во случај на пожар, поп-

лава, или други елементарни непогоди се уништи, може да се изврши реконструкција (обновување на истата).

Во постапката за обновување на главната книга за учениците односно главната книга за учениците кои се оспособуваат по пат на полагање испити се утврдуваат и внесуваат податоците што биле евидентирани во уништената книга.

Член 19

Обрасците од член 3 до член 15 на овој правилник се негов составен дел.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за педагошката евиденција во училишта за средното образование („Службен весник на СРМ", бр. 28/71, 22/74 и 21/78), со тоа што одредбата од член 26 од истиот ќе се применува најдоцна до 31 август 1986 година.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-3747/1
9 декември 1981 година
Скопје

Републички секретар за
наука и образование,
**Анатоли Дамјановски,** с. р.

**246.**

Уставниот суд на Македонија, на основа членот 433 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 24 февруари 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

а) членовите 42, 43, 44 и точките 9 и 11 на член 58 од Самоуправната спогодба за здружување во Медицински центар во Прилеп, усвоена од работниците на основните организации на здружен труд во состав на Работната организација Медицински центар во Прилеп со референдум одржан на 3 ноември 1977 година;

б) ставот 2 на член 22 од Самоуправната спогодба за измени и дополнувања на Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за стекнување и распоредување на доходот, на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и на средствата за заедничка потрошувачка, усвоена од работниците на основните организации на здружениот труд во состав на Медицинскиот центар во Прилеп со референдум одржан на 25 јуни 1979 година; и

в) членот 2 од Самоуправната спогодба за формирање на централен заеднички резервен фонд за солидарност, склучена меѓу основните организации на здружениот труд во состав на Медицинскиот центар во Прилеп при крајот на 1977 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на членовите 39 и 40 од самоуправната спогодба означена во точката 1 под а) на оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Медицинскиот центар во Прилеп на начинот предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Собирот на работните луѓе на Основната организација на здружениот труд Аптека со депоа на терен во Прилеп во состав на Работната организација Медицински центар во Прилеп му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за оценување уставноста и законитоста на посочените одредби од самоуправните општи акти означени во точките 1 и 2 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорените одредби на самоуправната спогодба од точката 1 под б) и точката 2 на оваа одлука биле противуставни и незаконити затоа што со нив било предвидено за средствата на основните организации на здружен труд да одлучува работничкиот совет на работната организација, а не работниците во основните организации на здружениот труд во нејзин состав; што со ставот 2 на член 22 од самоуправната спогодба од точката 1 под б) на оваа одлука се вршело ограничување на распределбата на средствата за нивните лични доходи; што со членот 2 на самоуправната спогодба од точката 1 под в) на оваа одлука се определувало основање на централен заеднички резервен фонд на солидарност; и затоа што со членовите 39 и 40 од самоуправната спогодба во точката 1 под а) на оваа одлука, се основа фонд за заеднички резерви на работната организација, се определува намената на средствата од овој фонд со тоа што користење на средствата од овој фонд се врши без обврска за враќање.

5. На јавната расправа Судот утврди дека со членот 42 од самоуправната спогодба, означена во точката 1 под а) на оваа одлука, основните организации на здружениот труд основале заеднички фонд за солидарност и ја определиле намената на средствата од овој фонд, а со членот 43 од оваа спогодба е предвидено средствата на овој фонд да се обезбедуваат од доходот на основните организации. Судот исто така утврди дека со членот 44 од спогодбата е основан заеднички фонд за заедничка потрошувачка од средствата за заедничка потрошувачка на основните организации на здружениот труд и е определена намената на средствата од овој фонд. Понатаму, Судот утврди дека со точката 9 на член 58 од истата спогодба е предвидено работничкиот совет на работната организација да одлучува за средствата од заедничките фондови. Со точката 11 на истиот член е предвидено работничкиот совет на работната организација да донесува ценовник и одлука за склучување на договори со корисниците на здравствените услуги. Најпосле, Судот утврди дека со членот 2 од самоуправната спогодба означена во точката 2 под в) од оваа одлука е предвидено од средствата на резервниот фонд на ООЗТ 50% да се уплатува во заедничкиот резервен фонд за солидарност.

Со ставот 1 на член 15 и 16 од Уставот на СР Македонија е предвидено право на работникот во здружениот труд на работа со средства во општествена сопственост како свое неотуѓиво право да работи со тие средства заради задоволување на своите лични и општествени потреби и, како слободен и рамноправен со другите работници во здружениот труд, да управува со својот труд и со условите и резултатите од својот труд. Со ставот 1 на член 244 од Законот за здружениот труд е предвидено право на основната организација за располагање со општествените средства со кои, во остварувањето на правото на работа со општествените средства, управуваат работниците во таа основна организација. Понатаму, во овој закон, во Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот („Службен лист на СФРЈ" бр. 62/77) и во Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ" бр. 58/76 и 8/77) не е предвидена можност за формирање на заеднички фондови на солидарност и за заедничка потрошувачка. Најпосле, со членот 7 од Законот за системот на цените и за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен вес-

ник на СРМ“ бр. 33/80) е предвидено работниците во основните организации на здружениот труд самостојно, во односите на меѓусебна зависност, поврзаност и одговорност, да ги формираат цените на своите производи и услуги, врз основа на дејствувањето на законитостите на пазарот, тргнувајќи од критериумите утврдени со закон, а во согласност со самоуправните спогодби, општествените договори и условите за здобивање доход утврден со законот.

Од означените уставни и законски одредби произлегува неотуѓивото право на работниците во основната организација на здружениот труд да работат со општествените средства, да управуваат со својот труд, како и да располагаат со општествените средства. Од овие одредби не произлегува работната организација да донесува ценовник и одлука за склучување на договори со корисниците на здравствените услуги. Најпосле, Судот утврди дека со членот 2 од самоуправната спогодба означена во точката 2 под в) од оваа одлука е предвидено од средствата на резервниот фонд на ООЗТ 50% да се уплатува во заедничкиот резервен фонд за солидарност.

Со ставот 1 на член 15 и 16 од Уставот на СР Македонија е предвидено право на работникот во здружениот труд на работа со средства во општествена сопственост како свое неотуѓиво право да работи со тие средства заради задоволување на своите лични и општествени потреби и, како слободен и рамноправен со другите работници во здружениот труд, да управува со својот труд и со условите и резултатите од својот труд. Со ставот 1 на член 244 од Законот за здружениот труд е предвидено право на основната организација за располагање со општествените средства со кои, во остварувањето на правото на работа со општествените средства, управуваат работниците во таа основна организација. Понатаму, во овој закон, во Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот („Службен лист на СФРЈ“ бр. 62/77) и во Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ“ бр. 58/76 и 8/77) не е предвидена можност за формирање на заеднички фондови на солидарност и за заедничка потрошувачка. Најпосле, со членот 7 од Законот за системот на цените и за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 33/80) е предвидено работниците во основните организации на здружениот труд самостојно, во односите на меѓусебна зависност, поврзаност и одговорност, да ги формираат цените на своите производи и услуги, врз основа на дејствувањето на законитостите на пазарот, тргнувајќи од критериумите утврдени со закон, а во согласност со самоуправните спогодби, општествените договори и условите за здобивање доход утврден со законот.

Од означените уставни и законски одредби произлегува неотуѓивото право на работниците во основната организација на здружениот труд да работат со општествените средства, да управуваат со својот труд, како и да располагаат со општествените средства. Од овие одредби не произлегува можност за формирање на заеднички фондови на солидарноста и на заедничката потрошувачка. Најпосле, од означените одредби произлегува дека цените на производите ги формираат работниците во основната организација на здружениот труд.

Со оглед на тоа што со членовите 42, 43 и 44 од самоуправната спогодба означена во точката 1 под а) и со членот 2 од самоуправната спогодба од истата точка под в) на оваа одлука е предвидено основање на заеднички фондови за солидарност и за заедничка потрошувачка на ниво на работна организација и со оглед на тоа што со точките 9 и 11 на член 58 од истата спогодба е предвидено работничкиот совет на работната организација да одлучува за средствата од овие фондови, односно да донесува ценовник за здравствените услуги и одлукй за склучување на договори со корисниците на овие услуги, Судот оцени дека оспорените одредби не се во согласност со членовите 15 и 16 од Уставот на СР Македонија, а точката 11 на член 58 и со членот 7 од Законот за системот на цените и за општествена контрола на цените на производите и услугите, односно дека се во спротивност со ставот 1 на член 244 од Законот за здружениот труд, со Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот и со Законот за книговодството.

На расправата Судот потоа утврди дека со ставот 2 на член 22 од самоуправната спогодба означена во точката 1 под б) на оваа одлука е предвидена можност работниците во ООЗТ и работната заедница од чистиот доход на ООЗТ на име личен доход по завршна сметка да распредели само до 20% од едномесечните примања.

Со членот 22 од Уставот на СР Македонија и со членот 126 од Законот за здружениот труд е предвидено на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд од доходот на основната организација на здружениот труд да му припаѓа личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација.

Според тоа, учеството на работникот во распределбата на средствата за лични доходи е во зависност од резултатите на неговиот труд и личен придонес што го дал во создавањето и зголемувањето на доходот на основната организација. Затоа, секое ограничување на учеството на работникот во распределбата на средствата за лични доходи, без оглед на резултатите на неговиот труд, според мислењето на Судот, претставува повреда на уставното начело на распределба според трудот и постигнатите резултати во работата.

Со оглед на тоа што со ставот 2 на член 22 од самоуправната спогодба означена во точката 1 под б) е предвидена можност работниците во ООЗТ и во работната заедница заеднички служби од личниот доход на ООЗТ на име личен доход по завршна сметка да распределат само до 20% од едномесечно примање. Судот оцени дека оваа одредба не е во согласност со начелото на распределба според трудот и постигнатите резултати во работата, утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и во членот 126 од Законот за здружениот труд.

Најпосле, на расправата Судот утврди дека со членот 39 од самоуправната спогодба, означена во точката 1 под а) на оваа одлука, е предвидено основање на фонд за заеднички резерви на работната организација, а со членот 40 на истата спогодба е предвидено средствата од овој фонд да се користат без обврска за враќање.

Со членот 123 од Законот за здружениот труд е предвидено, работниците во основната организација да можат да ги здружуваат средствата на резервите во фонд на заедничките резерви на работната организација, и со средствата на овој фонд да управуваат работниците во основните организации што ги здружиле средствата на резервите. Со членот 12 од Законот за средствата на резервите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 62/77) е предвидена можност работниците во основната организација да ги здружуваат средствата на резервите во фонд на заеднички резерви на работната организација во чиј состав е основната организација и тоа врз основа на самоуправната спогодба за основите на планот или на друга самоуправна спогодба, склучена со работниците на други основни организации.

Според тоа, законот дава можност за основање на фонд за заеднички резерви на работната организација и со средствата на овој фонд да управуваат работниците во основните организации на здружениот труд кои се во состав на работната организација. Поради тоа, Судот оцени дека членовите 39 и 40 од самоуправната спогодба означена во точката 1 под а) на оваа одлука не се во спротивност со членот 123 од Законот за здружениот труд и со членот 12 од Законот за средствата на резервите.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 на оваа одлука.

У. бр. 43/81
24 февруари 1982 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за физичка делба на недвижен имот по предлогот на предлагачите Радослав Бојациески од Белград, ул. „Браќа Мариќ“ бр. 5 и Милан Бојациевиќ од Ѓорче Петров, ул. „Радушка“ бр. 32 против противниците, Добрила, Тодор и Нада Бојациевски од Тетово, ул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 71, а сега со непознато место на живеење во Западна Германија.

Се повикуваат противниците Добрила Бојациевска, Тодор Бојациевски и Нада Бојациевска, сите од Тетово, ул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 71, а сега со непознато место на живеење во Западна Германија, да се јават пред судот, достават адреса или оверат полномошник кој ќе ги застапува по овој предмет во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно судот ќе им постави привремен старател кој ќе ги застапува до правосилното окончување на оваа постапка.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. бр. 53/82. (48)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за владеење по тужбата на тужителката Зелија Рамадани од село Долно Палчиште, против тужениот Нуриман Мемети од село Желино, а сега на привремена работа во странство со непозната адреса.

Се повикува тужениот Нуриман Мемети од село Желино во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот, достави адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател кој ќе го застапува до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 604/82. (49)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово по предметите ВПС. 11/82 и ВПС. 12/82 се води постапка за утврдување на надоместок по барање на ХЕК „Југохром“ од село Јегуновце, како корисник на експропријација, против поранешните сопственици Рецепи Таип, Рецепи Рецеп и Таири Сулејман, сите од село Нераште — Тетово.

Се повикуваат поранешните сопственици Рецепи Имера Таип и Рецепи Имера Рецеп, двајцата од с. Нераште, а сега привремено на работа во Германија да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да одредат свој полномошник кој ќе ги штити нивните интереси.

Доколку поранешните сопственици Рецепи Таип и Рецепи Рецеп не се јават во судот ниту одредат полномошник ќе им биде поставен привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово кој до окончувањето на постапката ќе ги застапува и штити нивните интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. 11/82 и ВПС. 12/82. (50)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за утврдување на надоместок по барање на ХЕК „Југохром“, село Јегуновце, против поранешните сопственици Јаневска Даница, Крстевска Ѓурѓана и др. од село Подбреѓе, Тетово.

Се повикува поранешниот сопственик Ѓурѓана Крстевска, родена Јаневска од село Туденце, а сега на привремена работа во Западна Германија, да се јави пред Општинскиот суд во Тетово, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во тој рок да одреди свој полномошник. Доколку не се јави ниту одреди полномошник преку Центарот за социјални работи — Тетово ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ја застапува до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. бр. 39/82. (51)

---

## МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Здравствена легитимација на име Стојмановски Стојанчо, с. М. Нагоричане, Куманово. (4303)

Свидетелство на име Анастасов Стојмир, с. Живалево, Кратово. (4354)

Лична карта на име Абазов Камбер, Кратово.

Свидетелство за завршено VII одделение, издадено од ЦОУ „Единство“, Македонски Брод на име Наумоски Благоја, Брод Македонски. (4306)

Свидетелство за завршено VII одделение, издадено од Осмолетка „Стив Наумов“, с. Пласница на име Малеска Васвија, с. Пласница. (4307)

Свидетелство за завршено V одделение, издадено од Осмолетка „Стив Наумов“, с. Пласница на име Малеска Васвија, с. Пласница. (4308)

Свидетелство за завршено VI одделение, издадено од Осмолетка „Стив Наумов“, с. Пласница на име Малеска Васвија, с. Пласница. (4309)

Работна книшка бр. 4743, издадена од ОС — Берово на име Фиданоски Илија, с. Русиново, Берово. (4310)

Свидетелство за завршено VIII одделение на име Костадиновски Славе, Делчево. (4311)

Воена книшка, издадена од Бихаќ на име Ешеф Рекиќ, Скопје. (4312)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Љубен Ника, Скопје. (4313)

Воена книшка, издадена во Добој на име Љубен Арсов, Скопје. (4314)

Свидетелство за завршено средно балетско училиште, издадено од Училиштето „Илија Николовски — Луј“ на име Златко Прошев, Скопје.

Свидетелство на име Виолетка Спасова, с. Видовиште, Титов Велес. (4316)

Свидетелство на име Џевит Исмани, с. Корито, Гостивар. (4317)

Свидетелство на име Џеват Зендели, Кичево. (4318)

Свидетелства за V, VI и VII одделение на име Донче Максимоски, с. Дебреше, Гостивар. (4319)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Ташко Влахов, Скопје. (4320)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Живко Ацевски, Скопје. (4321)

Свидетелство за VIII одделение, издадено од ОУ „Јосип Броз Тито", Скопје на име Јован Поповски, Скопје. (4322)

Свидетелство за I година, издадено од Гимназијата „Зеф Љуш Марку", Скопје на име Бајрам Африм, Скопје. (4323)

Здравствена легитимација, издадена од ЗСО — Скопје на име Златко Прошев, Скопје. (4324)

Работна книшка, издадена од Собрание — Македонски Брод на име Карамалески Нијазија, с. Пласница. (4325)

Работна книшка, издадена од Собрание — Македонски Брод на име Карамалески Кенанзија, с. Пласница. (4326)

Работна книшка. издадена од Македонски Брод на име Сенаија Мецитоски, с. Преглево. (4327)

Диплома за IV година на име Ајнур Муарем, Тетово. (4328)

Потврда бр. 13-1170 — Одобрение за продажба на домашни ракотворби, на име Зејнула Разије, Тетово. (4329)

Земјоделска здравствена легитимација на име Беадини Асиме, с. Раковец, Тетово. (4330)

Свидетелства за V, VI и VII одделение на име Османи Илми, Тетово. (4332)

Земјоделска здравствена легитимација на име Имери Рамадан, с. Пирок, Тетово. (4333)

Свидетелства за VI и VII одделение на име Севим Ајази, Тетово. (4334)

Здравствена легитимација на име Петрушевска Благица, Тетово. (4335)

Свидетелство за II година, на име Агим Зубери, с. Палчиште, Тетово. (4336)

Свидетелство за III година, издадено од Автомеханичарското училиште — Тетово на име Амдиариф Рамадани, с. Доброште, Тетово. (4337)

Свидетелство за III година, на име Тони Поповски, Тетово. (4338)

Свидетелство за II година на име Јован Јовановски, Тетово. (4339)

Свидетелства за III и IV клас, издадени од Гимназијата во Тетово на име Емурљи Емурла, с. Желино, Тетово. (4340)

Свидетелство за VIII одделение на име Даути Муип, с. Синичане, Тетово. (4341)

Свидетелство за IV клас и завршен испит на име Адеми Ферија, Тетово. (4342)

Свидетелство за IV клас на име Алија Царије, Тетово. (4343)

Свидетелство за завршен испит на име Цена Дашурија, Тетово. (4344)

Лична карта на име Идризи Аднан, Тетово.

Свидетелство за V одделение основно училиште на име Мемедин Абази, с. Слатино, Тетово.

Свидетелства за V и VI одделение на име Авдилазис Мисими, с. Слатино, Тетово. (4347)

Ученичка книшка за V одделение на име Герасимовски Бранко, с. Доброште, Тетово. (4348)

Свидетелство за VIII одделение на име Шабрик Агим, с. Пирок, Тетово. (4349)

Свидетелство за I година, издадено од Средното земјоделско училиште на име Јаумин Јакиу, с. Челопек, Тетово. (4350)

Свидетелства за VI и VI одделение на име Нагиб Зулбеари, с. Слатино, Тетово. (4351)

Свидетелство за VII одделение на име Нејази Емурлаи, с. Теарце, Тетово. (4352)

Свидетелство за II година, издадено од гимназија на име Флорина Скендери, Тетово. (4353)

Здравствена легитимација на име Ѓуровски Стојче, с. Жилче, Тетово. (4354)

Свидетелство за IV година, издадено од гимназија на име Блажевски Драган, Тетово. (4355)

Свидетелство за VII одделение на име Љимани Мемет, с. Гермо, Тетово. (4356)

Свидетелство за V одделение на име Лимани Мемет, с. Гермо, Тетово. (4357)

Свидетелство за II година, издадено од Гимназијата „Кирил Пејчиновиќ", Тетово. (5458)

Земјоделска здравствена легитимација на име Нуредини Абдула, с. Г. Палчиште, Тетово. (4814)

Свидетелство за завршен испит, издадено од гимназија на име Синани Садбере, Тетово. (4815)

Свидетелство за VI одделение на име Ќамили Џабир, с. Нераште, Тетово. (4816)

Земјоделска здравствена легитимација на име Мамути Несибе, с. Требош, Тетово. (4817)

Земјоделска здравствена легитимација на име Радуловиќ Перса, с. Брвеница, Тетово. (4818)

Свидетелство за VIII одделение на име Јашари Арифекри, с. Шемшево, Тетово. (4819)

Извод од матичната книга на родените на име Бујар Мисими, с. Боговиње, Тетово. (4820)

Земјоделска здравствена легитимација на име Хамди Шаќири, с. Желино, Тетово. (4821)

Земјоделска здравствена легитимација на име Мумалиќ Зухра, с. Желино, Тетово. (4822)

Лична карта, издадена од СВР — Тетово на име Аце Сибиноски, Тетово. (4833)

Здравствена легитимација на име Ќаили Цедрије, Тетово. (4824)

Здравствена легитимација на име Ќаили Абдултаип, Тетово. (4825)

Работна книшка на име Фетаи Афит, с. Доброште, Тетово. (4826)

Здравствен лист на име Мисими Лакман, с. Боговиње, Тетово. (4728)

Здравствена легитимација на име Насфије Сељиу, Тетово. (4828)

Здравствена легитимација на име Хаљити Фљорим, с. Ларце, Тетово. (4829)

Работна книшка на име Рецепи Бешир, с. Балиндол, Гостивар. (4830)

Здравствена легитимација на име Георгиев Ефтим, Виница. (4832)

Здравствена легитимација на име Тасевска Светлана, нас. Бабин-дол, Куманово. (4833)

Здравствена легитимација на име Тасевска Данила, нас. Бабин-дол, Куманово. (4834)

Здравствена легитимација на име Тасевска Елизабета, нас. Бабин-дол, Куманово. (4835)

Здравствена легитимација ан име Оливера Трајкова, Куманово. (4836)

Здравствена легитимација на име Арифе Чохије, с. Виштица, Куманово. (4837)

Здравствена легитимација на име Тодоровски Миле, Куманово. (4838)

Работна книшка на име Стошиќ Јорданка, нас. Карпош, Куманово. (4839)

Здравствена легитимација на име Салиевски Рамаn, Куманово. (4840)

Работна книшка, издадена во Скопје на име Сефер Имери, Скопје. (4841)

Воена книшка, издадена во Скопје, на име Трајан Стојков, Скопје. (4842)

Свидетелство на име Дијана Димоска, с. Ропотово, Прилеп. (4843)

Свидетелства за I и II година на име Весна Мирческа, с. Новоселани, Прилеп. (4844)

Работна книшка на име Менка Радеска, с. Девич, Македонски Брод. (4845)

Лична карта на име Рушит Мафи, Тетово.

Работна книшка на име Симка Стошиќ, Тетово.

Свидетелство на име Назиф Мемеди, с. Теарце, Тетово. (4848)

Работна книшка на име Назиф Мемеди, с. Теарце, Тетово. (4849)

Лична карта на име Адиљ Даути, Тетово. (4850)

Свидетелства за II, III и IV година, и диплома на име Абедин Џафери, с. Боговиње, Тетово.

Здравствена легитимација на име Јанка Михајлова, Виница. (4852)

Здравствена легитимација на име Љупчо Ѓеоргиев, Виница. (4853)

Работна книшка на име Гоце Колевски, Прилеп. (4854)

Здравствена легитимација на име Слободанка Маневска, Куманово. (485)

Здравствена легитимација на име Игбела Мамудовска, Куманово. (4856)

Здравствена легитимација на име Нурије Бекировска, Куманово. (4857)

Индекс бр. 444/76, издадена од Економскиот факултет во Прилеп на име Костадинов Денче, Титов Велес. (4859)

Свидетелство на име Убавка Димовска, Титов Велес. (4860)

Здравствена легитимација на име Љупка Николовска, Тетово. (4862)

Земјоделска здравствена легитимација на име Низамедин Саити, с. Доброште, Тетово. (4863)

Свидетелства од I до III година на име Славица Андреевска, Гостивар. (4864)

Свидетелство на име Шабан Асани, с. Врапчиште, Гостивар. (4865)

Работна книшка, издадена од СО Кочани на име Филипов Душан, с. Речани, Кочани. (4866)

Здравствена легитимација на име Биљана Арсова, с. Истибање, Виница. (4867)

Здравствена легитимација на име Игор Грздановски, Куманово. (4868)

Здравствена легитимација на име Џемиле Феризи, с. Лопате, Куманово. (4869)

Здравствена легитимација на име Шенази Демири, Куманово. (4870)

Здравствена легитимација на име Коки Мирчевски, Куманово. (4871)

Свидетелство на име Бони Балохи, с. Бељановце, Куманово. (4872)

Здравствена легитимација на име Ибраим Шабедини, с. Романовце, Куманово. (4873)

Здравствена легитимација на име Беким Рамани, с. Матејче, Куманово. (4874)

Здравствена легитимација на име Анушка Рамани, с. Матејче, Куманово. (4875)

Здравствена легитимација на име Мевљудин Рамани, с. Матејче, Куманово. (4876)

Здравствена легитимација на име Идает Рамани, с. Матејче, Куманово. (4876-а)

Здравствена легитимација на име Џељан Рамани, с. Матејче, Куманово. (4876-б)

Здравствена легитимација на име Исо Зекири, Куманово. (4877)

Здравствена легитимација на име Кева Мартиновска, с. Умин Дол, Куманово. (4878)

Здравствена легитимација на име Цена Османковска, Куманово. (4879)

Здравствена легитимација на име Елизабета Осмаковска, Куманово. (4879-а)

Здравствена легитимација на име Селвер Исени, Куманово. (4880)

Здравствена легитимација на име Амет Исени, Куманово. (4880-а)

Здравствена легитимација на име Јасмина Јанковска, Куманово. (4881)

Здравствена легитимација на Гордана Арсовска, Куманово. (4882)

Здравствена легитимација на име Зекир Рушидовски, Куманово. (4883)

Здравствена легитимација на име Емина Бекири, Куманово. (4884)

Здравствена легитимација на име Марјан Димитриевски, Куманово. (4885)

Работна книшка на име Славе Попталов, с. Трновец, Кратово. (4886)

Свидетелство на име Стојан Ивановски, нас. Илинден, Крива Паланка. (4887)

Здравствена легитимација на име Кадире Асани, с. Челопек, Тетово. (4888)

Лична карта бр. 53602 на име Мирсаит Јанузи, Тетово. (4889)

Диплома на име Есат Фејзулаи, с. Раковец, Тетово. (4890)

Здравствена легитимација на име Славица Јаковческа, Тетово. (4891)

Свидетелство на име Аслан Исмаиљи, с. Камењане, Тетово. (4892)

Здравствена легитимација на име Сунчица Карегра, с. Осломеј, Тетово. (4893)

Здравствена легитимација на име Сенадије Идризи, с. Желино, Тетово. (4894)

Здравствена легитимација на име Џемиле Бајрами, Тетово. (4895)

Здравствена легитимација на име Стојна Атанасовска, с. Слатино, Тетово. (4896)

Работна книшка на име Трајан Митев, Кочани. (4897)

Здравствена легитимација на име Бранка Јаневска, Куманово. (4898)

Здравствена легитимација на име Снежана Станковска, с. Табановце, Куманово. (4899)

Здравствена легитимација на име Ѓула Аметовска, с. Бедиње, Куманово. (4900)

Уверение бр. 80/72 на име Ставре Симоновски, с. Ранковце, Крива Паланка. (4901)

Свидетелство на име Русе Михајловски, с. Волковија, Тетово. (4902)

Здравствена легитимација на име Чедо Велковски, Куманово. (4903)

Здравствена легитимација на име Бобан Арсиќ, Куманово. (4904)

Здравствена легитимација на име Ќемал Мемишковски, Куманово. (4905)

Здравствена легитимација на име Ќанија Елезовска, Куманово. (4906)

Здравствена легитимација на име Томислав Тасиќ, с. Ново Село, Куманово. (4907)

Здравствена легитимација на име Анета Црнокоњска, нас. Карпош, Куманово. (4909)

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадено од ЦОУ „М. Ацев", с. Локавица на име Дукоска Цена с. Крапа, М. Брод. (4910)

Свидетелство на име Тодорка Андонова, Гевгелија. (4911)

Свидетелство на име Рамиз Фејзулах, с. Бозовце, Тетово. (4912)

Лична карта на име Исљам Рустеми, Тетово. (4913)

Свидетелство на име Бесим Абдурамани, с. Шипковица, Тетово. (4914)

Лична карта на име Мехди Мемети, Тетово.

Земјоделска здравствена легитимација, на име Фета Алији, с. Селце Кеч, Тетово. (4916)

Земјоделска здравствена легитимација на име Реџије Идризи, с. Камењане, Тетово. (4917)

Лична карта на име Идриз Ферати, с. Г. Палчиште, Тетово. (4918)

Работна книшка на име Алириза Демиров, Кочани. (4920)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Новица Сазданоски, Скопје. (4921)

Воена книшка, издадена во Загреб на име Далип Насер, Скопје. (4922)

Свидетелства за I и II година, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Вјолца Мустафи, Куманово. (4923)

Сообраќајна книшка рег. СК-128-579, издадена од СВР — Скопје на име „Технометал Македонија" — Скопје. (4924)

Свидетелство за завршен испит, издадено од ГУЦ „Здравко Цветковски" градежен отсек 1953/54 на име Алки Фотевски, Скопје. (4925)

Работна книшка, издадена во Скопје на име Дилавер Алиев, Скопје. (4926)

Чек бр. 0447826 во износ од 5.000,00 дин., издаден од Љубљанска банка на име Фикрија Рамаданова, Скопје. (4927)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Митре Марковски, Скопје. (4928)

Здравствена легитимација на име Нусред Ајдини, Куманово. (4929)

Здравствена легитимација на име Ејуп Мемети, Куманово. (4930)
Здравствена легитимација на име Сељман Јашари, Куманово. (4932)
Здравствена легитимација на име Јанчиќ Добросав, Куманово. (4933)
Работна книшка бр. 2673, издадена од СО — Крива Паланка на име Дура Зекировска, Крива Паланка. (4934)
Здравствена легитимација на име Мара Ѓорѓиева, с. Владиловци, Титов Велес. (4935)
Свидетелство за VIII одделение на име Благоја Перковски, с. Долно Врановци, Титов Велес. (4936)
Здравствена легитимација на име Демири Неџат, Тетово. (4937)
Здравствена легитимација на име Јовановски Мате, Тетово. (4938)
Свидетелство за III година, издадено од Гимназија на име Мустафа Исамидин, Тетово. (4939)
Свидетелства за V и VI одделение на име Адеми Имер, с. Теарце, Тетово. (4940)
Здравствена легитимација на име Љоки Бајрам, Тетово. (4941)
Книшка на име Габеров Гаше, Виница. (4942)
Ученичка книшка за II клас на име Петре Гарабовски, с. Владимирово, Кочани. (4943)
Свидетелство за VI одделение на име Јованов Коле, с. Тркање, Кочани. (4944)
Книшка на име Бајруш Демири, с. Лојане, Куманово. (4945)
Здравствена легитимација на име Личани Дрите, Куманово. (4946)
Диплома за завршена гимназија на име Ачифи Ѓулферије, Куманово. (4947)
Свидетелство за VIII одделение на име Лиљана Трајковска, с. Бедиње, Куманово. (4948)
Свидетелство за VIII одделение на име Јовица Трајковски, с. Бедиње, Куманово. (4949)
Работна книшка на име Стојановски Методија, Битола. (4950)
Здравствена легитимација на име Камберовска Џемиле, Куманово. (4951)
Здравствена легитимација на име Јосимовски Владо, Куманово. (4952)
Здравствена легитимација на име Марина Насковска, Куманово. (4953)
Работна книшка на име Стаменковиќ Чедомир, с. Г. Коњаре, Куманово. (4954)
Здравствена легитимација на име Скендер Алипов, Куманово. (4955)
Здравствена легитимација на име Авни Мурати, Куманово. (4956)
Свидетелства од I—IV одделение на име Зумбери Евзи, с. Оризаре, Куманово. (4957)
Здравствена легитимација на име Борко Арсовски, Куманово. (4958)
Свидетелство за IV одделение на име Давчева Грозда, с. Извор, Титов Велес. (4959)
Свидетелство за IV одделение на име Илиевска Нада, с. Д. Врановци, Титов Велес. (4960)
Лична карта на име Николов Раде, Титов Велес. (4961)
Свидетелство за VIII одделение на име Стојановски Димче, Крива Паланка. (4962)
Здравствена легитимација на име Јосевски Томчо, Кратово. (4963)
Лична карта на име Зоран Николовски, Кратово. (4964)
Работна книшка на име Селмани Селман, с. Равен, Гостивар. (4965)
Здравствена легитимација на име Љумо Исмет, Тетово. (4966)
Здравствена легитимација на име Зенепе Мухареми, с. Требош, Тетово. (4967)
Здравствена легитимација на име Јонузи Иљмије, Тетово. (4968)
Свидетелства за I, II, III IV година на име Таир Иљаз, Тетово. (4969)
Диплома на име Таир Иљаз, Тетово. (4970)
Здравствена легитимација на име Јусуф Јашари, с. Пирок, Тетово. (4971)
Лична карта на име Реџепи Џеват, с. Ораше, Тетово. (4973)
Земјоделска здравствена легитимација на име Османи Назмије, с. Озормиште, Тетово. (4974)
Лична карта на име Османи Назмије, с. Озормиште, Тетово. (4975)
Земјоделска здравствена легитимација на име Зенуни Абдилџемиљ, с. Г. Седларце, Тетово. (4976)
Земјоделска здравствена легитимација на име Саити Авуше, с. Стримница, Тетово. (4977)
Свидетелства за I и II година, издадени од гимназија на име Салиу Ферат, Гостивар. (4978)
Здравствена легитимација на име Маџоска Летка, с. Зубовце, Гостивар. (4979)
Диплома, издадена од гимназија на име Ахмети Техти, Гостивар. (4980)
Диплома, издадена од гимназија на име Билали Хајдар, с. Чегране, Гостивар. (4981)
Свидетелство за VIII одделение, издадено од ОУ „Моша Пијаде" на име Арсова Ленче, с. Градовци, Кочани. (4982)
Здравствена легитимација на име Лазаров Љубе, Виница. (4983)
Здравствена легитимација на име Османов Исмет, Виница. (4984)
Свидетелство за VIII одделение на име Јагода Станчевска, с. Богомила, Титов Велес. (4985)
Здравствена легитимација, издадена од ЗСО — Скопје на име Илија Пејковски, Скопје. (4987)
Здравствена легитимација на име Алири Фатиме, Куманово. (4989)
Здравствена легитимација на име Ѓорѓиевиќ Љубица, Куманово. (4990)
Свидетелство за III клас на име Крстевска Бранка, Титов Велес. (4991)
Здравствена легитимација на име Орце Миташев, с. Туралево, Кратово. (4992)
Работна книшка на име Орце Миташев, с. Туралево, Кратово. (4993)
Картон за пријавување во биро на име Орце Миташев, с. Туралево, Кратово. (4994)
Здравствена легитимација на име Благоја Аневски, с. Шлегово, Кратово. (4995)
Здравствена легитимација на име Трајкова Оливера, Кратово. (4996)
Здравствена легитимација на име Блаже Илиев, с. Трсино, Виница. (4997)
Здравствена легитимација на име Ило Митев, с. Виничка Крушла, Виница. (4998)
Документи на име Златан Крстевски, Делчево. (4999)
Свидетелство за IV одделение на име Станковски Драган, с. Дреновци, Прилеп. (5000)
Свидетелство за IV одделение на име Котеска Верка, с. Галичани, Прилеп. (5001)
Свидетелство за V одделение на име Спасеска Правда, с. Славеј, Прилеп. (5002)
Свидетелства за I и II година на име Кочевски Соколе, с. Бучин, Радовиш. (5003)
Здравствена легитимација на име Бекировски Бајрам, с. Романовце, Куманово. (5004)
Работна книшка на име Фатмир Нухин, Куманово. (5005)
Здравствена легитимација на име Трипуновски Добре, Куманово. (5006)
Здравствена легитимација на име Трајан Пешевски, с. М. Нагоричане, Куманово. (5007)
Здравствена легитимација на име Тодоров Аџо, с. Челопек, Куманово. (5008)
Здравствена легитимација на име Слободан Златановски, Куманово. (5009)
Здравствена легитимација на име Љубомир Николовски, Куманово. (5010)
Здравствена легитимација на име Војко Манасиевски, Куманово, (5011)

## ДОДАТОК НА „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ", БР. 22/82

Овие обрасци се составен дел на Правилникот за педагошката евиденција и документација во организациите за средно образование и воспитание („Службен весник на СРМ", бр. 22 од 27 мај 1982).

Образец бр. 1

______________________________
(назив на организацијата за средно образование и воспитание)

______________________________

Во ______________________________

______________________________
(се пополнува за заедничките воспитно-образовни основи)

ЗАНИМАЊЕ ______________________________

СТРУКА ______________________________

